ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2022 ГОДИНА НА

# ЈПКД КОМУНАЛЕЦ СТРУМИЦА

01 2023 10 01

Скопје, февруари 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Струмица, за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2003 година при што изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2022 година ги утврдивме следните состојби:

- основната главнина на претпријатието не е запишана како основачки влог во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија и истата е сметководствено евидентирана врз основа на нецелосна документација;
- за дел од инфраструктурните и градежните објекти не е регулирано правото на сопственост, а пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно извршен;
- ненавремено и селективно се преземаат мерки за наплата на побарувањата;
- неправилности во утврдувањето на приходите по основ на изнајмување на простор;
- неправилности во начинот на пресметка и исплата на платите и надоместоците за работната успешност;
- доделени средства за донации и спонзорства без утврдени критериуми и склучени договори со корисниците;
- реализација на рамковните спогодби без потпишување на поединечни договори и не спроведени постапки за јавни набавки;

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата обелоденува за искажаните обврски на јавното претпријатие на крајот на 2022 година кон АД Водостопанство во износ од 43.546 илјади денари и спрема Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 11.105 илјади денари за надоместок за користење и испуштање на води.

Во делот на клучни прашања ревизијата известува за неисправност на двата протокомери, на испорачателот и на корисникот, поради што количината на испорачаната вода за филтер станицата од 01.10.2021 година се пресметува согласно просечно потрошената вода за соодветниот период во последните три години. Од податоците на јавното претпријатие, количината на произведената вода отстапува од количината на приходуваната вода, односно 31,9% од вкупната влезна количина на вода од филтер станицата во водоснабдителните системи изразена во $m^3$ е неприходувана, што има за ефект помалку остварени приходи на јавното претпријатие, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за користење на вода, кои претставуваат приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

Во делот Останати прашања истакната е потребата од предлагање и донесување на подзаконски акт од надлежните институции, за уредување на начинот на пресметка и наплата на варијабилната вредност на надоместокот за испуштање во води, како и трошоците за одржување на пречистителната станица за отпадни води.

Од страна на законскиот застапник на субјектот ЈПКД „Комуналец“ Струмица и одговорното лице во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 16 |
| 5. Клучни ревизорски прашања | 17 |
| 6. Останати прашања | 18 |
| 7. Законска основа за ревизијата и временски период | 20 |
| 8. Опфат и ограничувања | 21 |
| 9. Одговорност за финансиски извештаи | 21 |
| 10. Одговорност на ревизорите | 21 |
| 11. Одговор на ревидираниот субјект | 23 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | 24 |
| Биланс на приходи и расходи | 24 |
| Биланс на состојба | 25 |
| Промени на извори на капиталните средства | 26 |
| Извештај за паричен тек | 27 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 28 |
| Основни сметководсвени политики | 30 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 38 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| IWA | (International Water Association) Интернационална асоцијација за води |
| ISSAI | (International standards on public sector auditing) Интернационални стандарди за ревизија во јавниот сектор |
| ЈПКД | Јавно претпријатие за комунални дејности |
| ПСОВ | Пречистителна станица за отпадни води |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ЦРРСМ | Централен регистар на Република Северна Македонија |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-217/1
Дата: 07.02.2024

## 1. Вовед

ЈПКД „Комуналец“ Струмица е основано како работна организација за комунални работи „Комуналец“ Струмица со упис во регистарот на Окружен стопански суд во 1989 година[1], со Одлука[2] донесена од Собрание на Општина Струмица на седница на Собирот на здружен труд, како правно лице со своја сметка. Согласно Статутот на јавното претпријатие[3] од 2009 година истото е организирано како Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Струмица чиј основач е Општина Струмица. Во 2008 година извршено е присоединување на Јавното претпријатие за комунални работи Хигиена Муртино и Јавно претпријатие за комунални работи Липа ПО Куклиш со ЈПКД „Комуналец“ Струмица.

Неговата дејност е уредена со Законот за јавните претпријатија. ЈПКД „Комуналец“ Струмица во својот делокруг на работење како приоритетна дејност/главна дејност ја има собирање, обработка и снабдување со вода, а ги има и следниве дејности: отстранување на отпадни води, собирање на безопасен отпад, собирање на опасен отпад, обработка и отстранување на безопасен отпад, обработка и отстранување на опасен отпад, дејност за санација и останати услуги со управување со отпад, издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп, погребни и слични дејности, услужни дејности за уредување и одржување на животна средина, одгледување на останати едногодишни насади и посеви и одгледување на саден материјал.

Јавното претпријатие има дополнителни дејности и тоа: изградба на комунални објекти за течности, изградба на хидротехнички објекти, архитектонски дејности, подготвителни работи на градилиште, останати специјализирани градежни работи не спомнати на друго место, поставување на инсталации за водовод, канализација, плин и инсталации за греење и клима уреди.

Јавното претпријатие располага со четири пазари (Глобал, Чешел, Квантен и Кантон пазар), Пречистителна станица за отпадни води, а исто така управува и стопанисува со градските гробишта.

---

[1] Регистрациона влошка од Окружен стопански суд тип-срег-446/89 од 28.12.1989год
[2] Одлука бр. 02-598/1 од 28.11.1989год. од Собрание на Општина Струмица
[3] Статут на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, бр.01-6246/1 од 04.12.2009 година

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 25 до 28 на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Струмица, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Преглед на промени на капиталот и резервите и Извештај за паричниот тек за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и објаснувачките белешки кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Струмица за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Струмица на ден 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Струмица, за 2022 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Со Законот за јавните претпријатија[4], е уредено дека за уписот во надлежниот регистар, организацијата и работењето на друштвата во државна сопственост, во сопственост на општината, односно градот Скопје, се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва[5] каде е предвидено дека во трговскиот регистар се запишува износот на основната главнина и бројот на издадените акции.

Во деловните книги на јавното претпријатие основната главнина е евидентирана во износ од 236.687 илјади денари, но истата не е запишана во Трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар, како што е уредено со член 298, став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва. Од друга страна, јавното претпријатие не располага со целосни и веродостојни документи врз основа на кои е извршено евидентирањето на основната главнина[6] во сметководствената евиденција, ниту се преземени мерки за утврдување на вредноста на имотот и проценка на капиталот, што не е во согласност со член 472 став 4 од Законот за трговските друштва, со кој е пропишано дека, трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Ваквата состојба не овозможува да се потврди реалноста и објективноста на искажаниот износ на капиталот во трговските книги и финансиските извештаи за 2022 година, што е од особена важност при вреднување на претпријатието, утврдување на кредитниот рејтинг, воспоставување на јавно приватно партнерство или при евентуална делба.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување во соработка со основачот на претпријатието да преземат активности за:

- проценка на средствата со кои располага јавното претпријатие од овластени проценители.
- евидентирање на основачкиот влог/капиталот во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при ЦРРСМ.

[4] член 4-6 Законот за јавните претпријатија „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03,49/06

[5] Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22)

[6] Инвестиции во водоводна и канализациона мрежа, капела, општествен капитал, државен јавен капитал, фонд за потребите на домување и заедничка потрошувачка, капитал од спојување на ЈП Муртино и Куклиш, акции и средства донирани од општината

3.1.2. Во финансиските извештаи за 2022 година на ЈПКД „Комуналец" Струмица, градежните објекти се проценети со сегашна вредност од 303.508 илјади денари, што претставува 81,6% од вкупните евидентирани материјални средства.

Во материјалната и сметководствената евиденција евидентирани се инфраструктурни објекти (водоводна и канализациона мрежа) со сегашна вредност од 62.744 илјади денари и објекти[7] со сегашна вредност од 61.248 илјади денари кои не се запишани во катастарот на недвижности, односно јавното претпријатие не поседува имотни листови со кои ќе се докаже правото на сопственост, што не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговските друштва каде е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

За изградените водоводни и канализациони системи во текот на 2022 година во вредност од 4.226 илјади денари, не се обезбедени одобренија за градење и одобренија за употреба што не е во согласност со член 56 став 1, член 57 став 2 и член 58 став 2 од Законот за градење[8], во кои е пропишано дека изградбата на нови линиски инфраструктурни градби како локални водоснабдителни системи, започнува по претходно обезбедено одобрение за градење, а по завршувањето на градбата ставањето во употреба на истата се врши по обезбедено одобрение за употреба.

Ваквиот начин на водење на деловните книги, без обезбеден доказ за сопственост на недвижностите има влијание врз реалното проценување на билансните позиции во финансиските извештаи.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за обезбедување на одобренија за градење на водоводни и канализациони системи и имотни листови за имотот со кој располага претпријатието и негово реално евидентирање во финансиските извештаи.

3.1.3. ЈКПД „Комуналец" Струмица согласно одредбите од Законот за трговските друштва има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. За вршењето на пописот донесена е Одлука[9] со која е

[7] Пазари, депонии, хала и работилница на градски гробишта, капела во верски објект (џамија), спортско рекреативен центар во градски парк и фонтана

[8] член 56 став 1, член 57 став 2 и член 58 став 2 од Закон за градење („Сл. весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)

[9] Бр. 02-7726/7 од 15.12.2022 година

формирана Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. По завршениот попис Централната пописна комисија изготвила Извештај[10] за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на ден 31.12.2022 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор[11].

Со извршената ревизија на пописниот материјал, констатирани се следните состојби:

- материјалните средства и залихи не се соодветно означени со пропишани ознаки, што не е во согласност со членот 9 став 2 точка 4 од Правилникот[12];
- пописните листи се составени по магацини и според локацијата на основните средства и ситниот инвентар, а не според аналитичките сметки на средствата кои се предмет на пописот, онака како што е предвидено со членот 10 став 4 од Правилникот;
- во пописните листи за градежните објекти недостасуваат податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина), што не е во согласност со членот 11 точка 1 и точка 3 од Правилникот;
- не е извршен попис на обврските и побарувањата, на нематеријалните средства, долгорочните финансиски средства, како што е уредено со членовите 3 и 4 од Правилникот;
- пописот на материјалните средства во подготовка е извршен со преземање на податоците од сметководствената евиденција, а не врз основа на фактичката состојба со цел да се утврди степенот на изграденост на инвестицијата за секој одделен објект, како и со евидентираните времени ситуации и период на започнување и завршување на инвестицијата, што не е во согласност со членот 11 став 1 точка 1 од Правилникот;
- компјутерската опрема која поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користи, избришана е од сметководствената евиденција без да се преземат мерки за физичко отстранување со спроведување на постапка за нивно отуѓување или уништување. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 11 од Уредбата[13] според која средствата кои во целост се отпишани остануваат во евиденција и се искажуваат во билансот на состојба до моментот на нивното продавање, подарување, отуѓување на друг начин или уништување.

---

[10] Бр. 02-884/2 од 13.02.2023 година
[11] Бр. 02-884/3 од 13.02.20223 година
[12] Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот (Службен весник на РМ 107/2011)
[13] Уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства („Службен весник на Република Северна Македонија" број 277/2019)

Наведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансиските извештаи.

Препорака:

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- целосен попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со Правилникот.
- за движните ствари за кои при вршењето на пописот е утврдено дека се дотраени, неупотребливи, неисправни или застарени и не се користат, но за истите сè уште не се преземени активности за продажба, размена, преработка, рециклирање или уништување како отпад, да се евидентираат во деловните книги на претпријатието се до нивното физичко отстранување.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во трговските книги и ФИ со состојба 31.12.2022 година, претпријатието има искажано побарувања од купувачите во земјата намалени за вредносното усогласување на истите, во износ од 433.500 илјади денари.

Со извршената анализа на побарувањата, старосната структура, како и преземените мерки за нивна наплата, ревизијата го констатира следното:

- Во јавното претпријатие е воспоставена пракса на испраќање на опомени три пати во текот на годината, а два пати во годината се испраќаат предлози за издавање на нотарски платен налог за оние корисници кои и покрај опомената не го подмириле долгот. Иако самиот билинг систем електронски ја изготвува листата на субјекти кои се во оваа категорија, од страна на правната служба се селектираат субјектите за кои ќе се преземат активности и истите се одобруваат од секторот за финансиски прашања и од директорот. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во декември 2022 година, системот извадил листа на 75 правни субјекти кои исполнуваат услови против нив да бидат поведени предлози за издавање на нотарски платен налог, од кои се селектирани само 10 субјекти, што остава простор за субјективност во одлучувањето и постапувањето. Од тие причини, побарувањата од 409 илјади денари се отпишани врз основа на пресуди во кои странките го добиле спорот повикувајќи се на застареност, што укажува на ненавремено преземени

активности за наплата. Со член 367 од Законот за облигационите односи[14] едногодишен рок на застареност имаат побарувањата за испорачана вода и за одржување на чистота, кога испораката односно услугата е извршена за потребите на домаќинството, додека со член 363 од Законот, меѓусебните побарувања на договорните страни од договорите во прометот на стоки и услуги, како и побарувањата на надомест за издатоци направени во врска со тие договори, застаруваат за три години.

- Извршен е отпис на побарувања од 861 илјада денари, од правни лица кои во ЦРРСМ се водат за избришани согласно член 552-б од Законот за трговските друштва. Со нивното објавување, истовремено се испраќа соопштение со кое се повикуваат законските застапници, односно лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на субјектот, содружниците, како и доверителите (овластени подносители) во рок од една година од денот на објавувањето на соопштението да поднесат предлог за стечај согласно Законот за стечај или предлог за ликвидација и за тоа писмено да го известат Централниот регистар. Јавното претпријатие не преземало правни дејствија за наплата на овие побарувања односно не покренало стечајна постапка или постапка за ликвидација, што не е во согласност со член 552-а од Законот за трговските друштва, а со тоа се откажало од наплата на своите побарувања.
- Во системот не се пресметува камата за задоцнето плаќање, односно камата се наплатува само при поднесување на платен налог и присилна наплата преку извршител. Оваа состојба не е во согласност со член 266 од Закон за облигациони односи[15] кој предвидува дека должникот кој ќе задоцни со исполнување на парична обврска, должи покрај главнина и затезна камата по стапка утврдена со закон.

Ненавременото и селективно преземање на мерки за наплата на побарувањата, не пресметувањето на камата за задоцнето плаќање предизвикува застареност, односно неможност за нивна наплата и помалку приходи на претпријатието.

Препорака:

Надлежните лица за управување и раководење да преземат мерки и активности за воспоставување на политики за начинот на постапување во процесот на наплата на побарувањата и нивна навремена и целосна наплата.

[14] „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, бр.4/02, бр.5/03, бр.84/08, бр.81/09, бр.161/09, бр.23/13 бр.123/13, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У.бр.121/2001 објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.78/01 и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.67/2002 објавена во „Службен весник на Република Македонија “ бр.59/02.

[15] Закон за облигационите односи (Службен весник на РМ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

3.2.2. Во текот на 2022 година, остварени се приходи во вкупна вредност од 331.323 илјади денари и тоа од наплата на сметки за вода, канализација, смет, пречистителна станица, одржување на зелени површини и хортикултурно уредување, изнајмување на тезги на пазари, изнајмување на друг простор.

Структурата на приходи за 2022 година е прикажана на следниот графикон.




Со увид во начинот на утврдување на приходите, утврдени се следните состојби:

- Јавното претпријатие остварува приходи од наемнини по основ на член 13 од Одлуката за утврдување на цените на услугите донесена од Управниот одбор на јавното претпријатие, а усвоена од Советот на Општина Струмица[16] во која е предвидено дека јавното претпријатие, деловните простории и неизграденото земјиште со кое стопанисува може да го издава под закуп со закупнина предвидена согласно пазарните услови во постапка со јавно огласување и прибирање на понуди. Повикувајќи се на Одлуката, претпријатието има склучено договор[17] за изнајмување простор во капела (просторија за помен и продавница за погребна опрема) на приватен оператор, за месечен износ од 12 илјади денари, иако Капелата е градена со пари од самопридонес и истата не е во сопственост на јавното претпријатие[18]. Исто така, за изнајмување на просторот не е формирана комисија и не е направена проценка за утврдување на почетната цена за јавно наддавање ниту пак е објавен јавен повик со цел спроведување на постапка што не е во согласност со член 4, 5 и 39 од

[16] бр. 02-5590/8 од 19.06.2014 година
[17] Бр. 03-6771/1 од 27.10.2022 година
[18] евидентирана е во вонбилансна евиденција

Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[19].

- Јавното претпријатие остварило приходи по основ на договори за закуп[20] за користење на простор пред деловен простор кој преставува јавна зелена површина. Договорите се склучени со непосредна спогодба иако станува збор за користење на простор пред деловен простор за кој согласно член 3 став 1 точка 3 од Законот за комуналните такси е потребно општината да издаде согласност и да наплатува комунална такса согласно тарифата.

Утврдените слабости во начинот на утврдување на приходите имаат за ефект остварени приходи за кои јавното претпријатие нема правен основ.

Препорака:

Надлежните лица за управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- преиспитување на договорот за закуп и спроведување на транспарента постапка со јавно наддавање за издавање на деловниот простор во капела и
- преиспитување на договорите за закуп на јавни зелени површини кои претставуваат користење на простор пред деловен простор.

3.2.3. Согласно член 5 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, пропишана е обврска за јавните комунални претпријатија да склучуваат договори со корисниците за услугите кои ги вршат.

Јавното претпријатие има регистрирано 13.429 физички и 1.520 правни лица, корисници на услугите, но со 33% од физичките лица и 5 % од правните лица нема склучено договори за уредување на меѓусебните права и обврски.

Непочитувањето на законските одредби и недефинирање на должничко доверителски односи може да предизвика отежната наплата на извршените услуги и да претставува тешкотија за непречено остварување на правата и обврските на давателите и на корисниците на услугите.

Препорака:

Надлежните органи на раководење и управување во претпријатието да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите.

19 „Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16
20 Бр.03-1366/1 од 15.03.2017 година и бр. 03-3791/1 од 11.03.2011

3.2.4. Во 2022 година евидентирани се трошоци во висина од 146.387 илјади денари за бруто плати на вработените кои во ЈПКД „Комуналец“ Струмица имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Висината на платите за вработените кои имаат статус на административни службеници е уредена со Законот за административните службеници[21], додека за лицата кои имаат статус на даватели на јавни услуги и помошно технички лица согласно член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор[22] оставена е можност висината на платите и други прашања од работниот однос да се уредат со општите прописи за работни односи и колективни договори.

Со извршениот увид во персоналните досиеја, склучените договори за вработување и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата за вработените ревизијата ги утврди следните состојби:

- Во ЈПКД „Комуналец“ Струмица исплатата на платите на вработените се врши врз основа на Правилник за плати[23]. Во Правилникот, за секое работно место се предвидени вкупен број на бодови но не е прецизирано од кои елементи се сочинети овие бодови, односно колку е основната компонента[24], а колку е исклучителната компонента[25], што не е во согласност со член 87 од Законот за административните службеници.
- Јавното претпријатие има донесено решенија за плата за секој вработен поединечно во 2017 година кои не соодветствуваат со бројот на бодови предвиден во измените на правилникот за плати од 2022 година;
- Со поединечни одлуки на директорот, на 9 вработени им е определен посебен додаток на плата заради прилагодување на пазарот на труд и за посебни услови за работа во висина од 6 илјади денари, односно за 2022 година, 648 илјади денари. Ваквото зголемување на плата на поединци не е извршено врз основа на претходно направена анализа на пазарот на трудот со цел со покачувањето да се постигне ефект на вработливост и задржливост на кадарот што не е во согласност со член 91 од Законот за административните службеници и член 10 од Правилникот за плати. Со

[21] Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22)

[22] Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20)

[23] Правилник за плати и други надоместоци на плата за вработените во ЈПКД „Комуналец“ Струмица 01-8312/7 од 09.12.2020година; Правилник за плати и други надоместоци на плата за вработените во ЈПКД „Комуналец“ Струмица 01-2038/5 од 11.04.2022година и Правилник за плати и други надоместоци на плата за вработените во ЈПКД „Комуналец“ Струмица 01-5269/4 од 22.08.2022година.

[24] (дел на плата за образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж)

[25] (додаток на плата за работа за посебни услови, заради прилагодување кон пазарот на трудот и за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа)

измена на Правилникот за плати од 11.04.2022 година, на овие вработени, додатокот на плата им е вкалкулиран во број на бодови.

- Со Менаџерски договор[26] потпишан помеѓу градоначалникот и директорот на јавното претпријатие регулиран е работниот однос на директорот во кој е утврдена месечната нето плата согласно член 24 став 2 од Законот за јавните претпријатија[27]. Со поединечни решенија[28] директорот заради посебни услови за работа, си определува додаток на плата во висина од 15 илјади денари месечно, односно за 2022 година, 180 илјади денари, без одлука од управниот одбор што не е во согласност со член 19 став 2 точка 8 од Законот за јавните претпријатија.
- Со посебно задолжение донесено од директорот, 10 вработени се распоредени да извршуваат работи и работни задачи за повисоки работни места на кои им се исплатува плата за повисокото работното место. Ваквото распоредување на работниците на повисоко работно место, без да биде спроведена интерна постапка за унапредување не е во согласност со член 30 од Законот за административните службеници и член 7 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор.

Неправилностите во начинот на пресметка и исплата на плата, исплата на работна успешност без пропишани критериуми и не спроведена интерна постапка за унапредување влијае врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати на вработените.

Препорака:
Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- во Правилникот за плати и други надоместоци на плата за вработените да се дефинираат и изразат бодовите за основна и исклучителна компонента за секое работно место поединечно и да се изготват решенија за плата за сите вработени согласно измените во правилникот;
- додатоците на плата да се вршат врз основа на анализа на пазарот и условите за работа и истите да се одобрат од управниот одбор;
- враќање на незаконски исплатените средства и
- унапредувањето на вработените да се врши врз основа на спроведена постапка согласно закон и Годишен план за вработување.

[26] бр. 03-7118/1 од 23.09.2019 година
[27] Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22)
[28] Решение бр. 04-4607/1 од 04.08.2020 година и Решение Бр.04-6580/1 од 13.10.2021 година

3.2.5. Во текот на 2022 година на вработените во ЈПКД „Комуналец“ Струмица за надоместоци на плата им се исплатени средства во вкупен износ од 859 илјади денари.

Со увид во начинот на исплата на надоместоците утврдени се следниве состојби:

- по поднесено барање, за неискористениот дел од годишниот одмор за 2021 година на работниците исплатени им се 659 илјади денари, што не е во согласност со Одлуката на уставниот суд [29] со која се укинуваат став 1 и 2 од членот 145 од Законот за работните односи[30]. Со плаќање на неискористениот дел од годишниот одмор, се повредува начелото на владеење на правото и уставно загарантираното право на користење на годишен одмор кое е обврска за работодавачот, да создаде услови за негово користење од страна на работникот и работникот не може да се откаже од истото;
- за подготовка на материјали и присуство на седниците на Управен одбор на одредени вработени им се исплатени средства во висина од 200 илјади денари по основ на Одлука на управниот одбор[31] со која се утврдува месечен паричен надомест во висина од 3 илјади денари по учесник. Наведената состојба не е во согласност со член 19 од Законот за јавните претпријатија, според која право на месечен паричен надоместок за својата работа имаат само претседателот и членовите на управниот одбор за присуство на седниците, што влијае на незаконска исплата на надоместокот.

Препорака:

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности:

- за обезбедување на законски загарантираното право на годишен одмор на секој вработен без да се врши исплата на средства за неискористениот дел од годишен одмор и
- да се преиспита одлуката со која се предвидува месечен надоместок за вработените кои подготвуваат материјали за седниците на управниот одбор.

3.2.6. Во текот на 2022 година, искажани се трошоци за спонзорства и донации во вкупен износ од 850 илјади денари на синдикати, здруженија на граѓани, спортски клубови и физички лица. Средствата се доделени без утврдени

[29] Одлука бр.200/2008 од 13.05.2009 објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 63/09
[30] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09
[31] бр. 02-992/19 од 17.02.2022год

критериуми и без склучени договори и за истите не се поднесува барање до Министерството за правда со цел потврдување на јавниот интерес што не е во согласност со член 21 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности[32]. Јавното претпријатие како давател на донации и спонзорства не изготвува извештај за евидентирање, отчетност и контрола на дадените средства што не е во согласност со член 19 од Законот, поради што не ја искористило можноста за признавање на расход во висина од 3% или 5 % од вкупниот приход, согласно член 14 од Законот и истите ги евидентирало како непризнаени расходи во даночниот биланс.

Препорака:

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки за:

- донесување на процедура за уредување на правото, условите, критериумите и вредноста за разгледување на барањата за спонзорства и донации;
- склучување на договори за спонзорства со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски и
- поднесување на барање до Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес и обезбедување на извештаи за наменското користење на средствата од корисниците.

3.2.7. Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на ЈКПД „Комуналец" Струмица предвидено е одделение за внатрешна ревизија со тројца вработени (раководител и двајца внатрешни ревизори). Од предвидените, пополнето е само едно работно место и тоа советник – внатрешен ревизор, кој обавува работи и работни задачи на работно место во сметководство, со што не е испочитуван член 33 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, односно не е обезбедена функционална независност на единицата за внатрешна ревизија од другите организациони делови на претпријатието. Ваквата поставеност е причина за не преземени активности за извршување на внатрешната ревизија (повелба за внатрешна ревизија, стратешки и годишен план, реализирани ревизии).

Не функционирање на внатрешната ревизија не му овозможува на раководството на јавното претпријатие да добие информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

[32] Службен весник на Република Македонија бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15

Препорака:

Надлежните органи на јавното претпријатие да преземат активности за назначување на внатрешен ревизор, кој организациски и функционално ќе биде независен и професионално и стручно ќе ја извршува ревизијата.

## Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ЈКПД „Комуналец" Струмица за 2022 година со Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Вкупната вредност на доделените договори за јавни набавки спроведени во 2022 година изнесува 208.742 илјади денари без вклучен ДДВ, за 2021 година изнесува 185.790 илјади денари без ДДВ и 2020 година 2.360 илјади денари без ДДВ чија реализација е во 2022 година.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 18 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 10 постапки се спроведени во 2022 година, 7 постапки во 2021 година и една во 2020 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки за 2022 година изнесува 83.130 илјади денари без вклучен ДДВ, 17.929 илјади денари без вклучен ДДВ за 2021 година со реализација во 2022 година, односно 4.720 илјади денари без ДДВ на доделените договори за јавни набавки од 2020 година со реализација во 2022 година. Ревидираните јавни набавки се реализирани во вкупен износ од 74.809 илјади денари со ДДВ.

3.2.8. Рамковна спогодба е писмена спогодба помеѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори каде се утврдуваат основните услови кои ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и ако е можно предвидените количини.

По однос на две рамковни спогодби за резервни делови, сервисирање и одржување во пречистителна станица[33] во текот на 2022 година добиени се фактури во вкупен износ од 1.146 илјади денари. Реализацијата на рамковните спогодби во дел од нарачките се спроведувала со склучување на поединечни договори, додека дел од фактурите во износ од 953 илјади денари без ДДВ е без потпишување на поединечни договори. Ваквата состојба не е во согласност со

[33] Договор за рамковна спогодба 05-2520/6 од 15.06.2020 година на износ од 4.720 илјади денари со ДДВ по оглас број 06492/2020 и Договор за рамковна спогодба 05-6115/5 од 01.11.2022 година на износ од 2.360 илјади денари со ДДВ по оглас број 15788/2022

член 57 став 10 од Законот за јавните набавки[34] кој предвидува дека рамковната спогодба со еден економски оператор ги обврзува страните за склучување на поединечен договор доколку договорниот орган тоа го предвидел во тендерската документација. Во тендерската документација на двете постапки[35] прецизно е наведено дека рамковната спогодба ќе се склучи со еден економски оператор, а поединечните договори ќе се доделуваат во согласност со условите во рамковната спогодба.

Препорака:

Надлежните лица за управување и раководење да преземат мерки и активности за потпишување на поединечни договори по однос на рамковните спогодби во кои прецизно ќе биде утврдена активноста како и количините согласно потребата од јавна набавка.

3.2.9. Во 2022 година за ресторански услуги и набавка на храна искажани се трошоци во вкупен износ од 734 илјади денари без да биде спроведена постапка за јавна набавка согласно член 40 став 1 точка б од Законот за јавните набавки.

Согласно Законот за работните односи[36] работодавачот на работникот кој работи ноќно време должен е да му обезбеди соодветна храна или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќна работа. Во прилог на фактурите за набавка на храна нема поткрепувачка документација од која може да се утврди кои лица користеле оброк ниту пак дали истите работеле ноќе. Јавното претпријатие нема донесено План за организирање на работата во смени, ниту за ова е испратено известување до Државниот инспекторат за труд што не е во согласност со член 124-а од Законот за работните односи и не дава уверување за нивното законско и наменско користење.

Препорака:

Надлежните лица за управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- спроведување на постапка за обезбедување на ресторански услуги и храна;
- да се изработи План за организирање на работата во смени и доколку има вработени кои работат ноќно време да се извести Државниот инспекторат за труд.

---

[34] Службен весник на Република Македонија бр.20/19, Службен весник на Република Северна Македонија број 87/21)

[35] точка 1.7.2.3

[36] член 128 став 3 точка 2

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Во трговските книги и финансиските извештаи на претпријатието на ден 31.12.2022 година, искажани се обврски спрема добавувачи во висина од 275.529 илјади денари и тоа по основ на:

- испорачана количина на вода за водоснабдување спрема АД Водостопанство на Република Северна Македонија во висина од 112.045 илјади денари. Со одлука на одборот на директори на АД Водостопанство за регулирање на стари и заостанати долгови [37] прифатено е барањето на јавното претпријатие за отпис на обврски кои се однесувале за период од 2014 до 2020 година во висина од 84.000 илјади денари кои Владата ги платила во име на јавното претпријатие за што е донесена Одлука[38]. Јавното претпријатие и понатаму продолжува да не ги подмирува обврските кон АД Водостопанство, така што на крајот на 2022 година, долгот изнесува 43.546 илјади денари.
- надоместокот за користење на вода наменета за консумирање е определена во висина од 2% од утврдената цена за м$^3$ вода од давателот на услугата за снабдување со вода, а висината на надоместокот за испуштање на вода изнесува 1% од утврдената цена на услугата од давателот на услугата за собирање и прочистување на отпадните води. Овој надоместок го наплатува јавното претпријатие од крајните корисници, а е должен да го уплати на посебна буџетска сметка во трезорот на Република Северна Македонија. По извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за животна средина склучена е Спогодба[39] со која е договорено плаќање на 60 рати на надоместокот кој јавното претпријатие не го исплатил за период од 10 години во висина од 9.382 илјади денари за користење на вода и 1.286 илјади денари за испуштање на води. Во текот на 2022 година јавното претпријатие уплатило 2.137 илјади денари, рати по спогодбата, но не извршило уплата на надоместокот за 2022 година[40], со што долгот на 31.12.2022 година изнесува 11.105 илјади денари.

Ненавременото/ не подмирувањето на обврските по основ на надомест за води, има за ефект помалку остварени средства во буџетот на Република Северна Македонија и може да влијае на ликвидноста на јавното претпријатие и неможност да ги сервисира долговите.

[37] 0202-3998 од 23.12.2021 година
[38] Бр. 41-3327 од 12.04.2022 година
[39] Спогодба за условна глоба Бр.03-1785/1 од 22.03.2021 година
[40] пресметаниот надоместок за 2022 година изнесува 2.547 илјади денари од кои наплатени се 1.520 илјади денари

## 5. Клучни ревизорски прашања

Дополнително покрај состојбите опишани во Основот за квалификувано мислење, ревизијата го идентификуваше следното прашање опишано подолу како клучно ревизорско прашање кое е комуницирано и со одговорното лице на ЈКПД „Комуналец“ Струмица.

5.1. ЈКПД „Комуналец” Струмица ги снабдува со вода за пиење жителите на градот Струмица и населените места с. Добрејци, с. Просениково, с. Дабиле, с. Балдовци, с. Баница и с. Водоча, со вода која ја добива од акумулацијата Турија. Останатите населени места се водоснабдуваат преку посебни водоводни системи кои јавното претпријатие ги управува и одржува.

Во текот на 2022 година, јавното претпријатие има обврски од 18.330 илјади денари спрема АД Водостопанство, врз основа на договор[41] за испорака на сурова вода од акумулацијата Турија.

Со увид во документација поврзана со начинот на испорака, динамика, мерење и плаќање на испорачаните количини, го утврдивме следното:

- Од причина што и двата протокомери, на испорачателот и на корисникот, не ја покажуваат реално количината на испорачана вода, односно не се баждарени ниту атестирани, количината на испорачаната вода за филтер станицата од 01.10.2021 година се пресметува согласно просечно потрошената вода за соодветниот период во последните три години. Ваквата состојба упатува дека јавното претпријатие презема обврски кои не се базираат на реално испорачани количини на сурова вода. Во извештаите за работа (годишен извештај за работењето и годишниот извештај за спроведување на утврдените тарифи-водоснабдување) се користат и споредуваат нерелевантни податоци.
- Филтер станицата во 2022 година произвела 3.948.269 $m^3$ сурова вода, а за истиот период, испорачателот на јавното претпријатие, според гореспоменатиот начин на пресметка, му има фактурирано вкупно 4.862.743 $m^3$, или 1.914.474 илјади $m^3$ повеќе, што би значело и разлика од 6.875 илјади денари[42].
- Производството на вода во 2022 година во однос на 2021 година бележи зголемување за 0,45%. Притоа, приходуваната/фактурирана вода во 2022 година изнесува 2.690.373 $m^3$ што претставува зголемување од 0,45% во однос на 2021 година (2.678.149 $m^3$). Прегледот на произведена и приходована вода во 2022 година е прикажан на следниот графикон.

[41] Договор со бр. 03-285/1 од 16.05.2012 година, анекс на договор со бр. 05-257/1 од 16.06.2014 година, анекс на договор со бр. 03-678/1 од 12.02.2019 година, анекс на договор со бр. 03-306/1 од 25.01.2022 година
[42] Цена на сурова вода за 2022 година – 3,59 денари без ДДВ

(м$^3$)




- Според податоците на јавното претпријатие, количината на произведена вода отстапува од количината на приходувана вода, односно 31,9% од вкупната влезна количина на вода од филтер станицата во водоснабдителните системи изразена во m$^3$ е неприходувана[43]. Недоволното преземање на мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода влијае на помалку остварени приходи на јавното претпријатие, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за користење на вода кои претставуваат приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

  Јавното претпријатие освен следењето на загубите на вода, нема усвоено плански документи и јасно утврдени мерки кои ќе придонесат за намалување на загубите на вода.

Истакнуваме дека надлежните лица на ЈКПД „Комуналец" Струмица треба да преземат мерки и активности за ставање во функција на протокомерот кој го поседуваат, анализа на состојбата, донесување и реализација на планови за минимизирање и отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем и реализирање на мерки за активна контрола на загубите на вода.

## 6. Останати прашања

6.1. Во член 214 од Законот за водите, предвидено е пресметување на варијабилна вредност на надоместокот за испуштање во води, која треба да се утврди во дозволата за испуштање во води врз основа на „единица на штетност", а ја пресметува лицето кое испушта непречистени отпадни води во реципиентот. Имено, Владата на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање треба да го утврди начинот на пресметување на „единица на штетност" согласно со количината на испуштената вода, која се испушта во површинските и подземните води и начинот на плаќање на варијабилна вредност на надоместокот за испуштање во води.

[43] Врз основа на најновата дефиниција препорачана од IWA (International Water Association), за загуба на вода се смета онаа количина на вода која не е фактурирана. Затоа, во поново време во литературата наместо „загуби на вода" се користи терминот „неприходувана вода"

До моментот на вршење на ревизијата не е донесен наведениот подзаконскиот акт, поради што не е утврден и начинот на пресметување на „единица на штетност”, во дозволите за испуштање во води не е определена варијабилната вредност на надоместокот и истата не се пресметува и наплатува. Од тие причини, ја истакнуваме потребата од предлагање и донесување на подзаконски акт за уредување на начинот на пресметка на варијабилната вредност на надоместокот за испуштање во води, создавање услови за негова имплементација преку вклучување во дозволите и негова наплата.

6.2. Пречистителната станица за отпадни води во Општина Струмица е финансирана и изведена преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) – Компонента III – Регионален развој, во соработка со Секторот за Европската унија при Министерството за животна средина и просторно планирање и Секторот за централно финансирање и договарање при Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Објектот е завршен и пуштен во функција кон крајот на 2017 година, додека од 01.12.2018 година ЈПКД „Комуналец“ целосно ја презема контролата врз управувањето со пречистителната станица. Процесот на пречистување на отпадните води ги опфаќа следните процеси, и тоа:

- Механички третман кој се врши во крупната и ситната решетка, при што отпадните води се пречистуваат од крупен и ситен механички отпад;
- Отстранување на песокта и маста од отпадните води;
- Биолошки третман во аерационите био-базени и
- Таложење на активна мил во секундарните базени.

Со функционирањето на пречистителната станица овозможено е систематско и непосредно одведување на отпадните води од домаќинствата и правните лица во општината и нивно пречистување, до степен на квалитет на вода од втора категорија, односно техничка вода која е дозволена за испуштање во реципиентот. На овој начин се овозможува подобрување на квалитетот на површинските и подземните води во градот и унапредување на животната средина.

Во 2022 година, во пречистителната станица влегле 2.892 илјади м$^3$ вода од фекалната канализација од која се добиени 2.599 илјади м$^3$ чиста вода или втора класа чиста вода. При овој процес се транспортирани и фрлени во депонијата 3,3 илјади м$^3$ згусната мил, а за тоа се потрошени 1.017 илјади kWh електрична енергија и 5,2 тони полимер (згуснувач). Трошоците и приходите од пречистителна станица во 2022 година се прикажани на следниот графикон.

(000) денари




При процесот на пречистување на отпадните води, се произведува и обезводена мил, при што милта може да се користи и како ѓубриво. Но милта од пречистителната станица во Струмица, се уште не може да биде профитабилна, бидејќи нема добиено третман на ѓубриво кое може да се користи во земјоделството и шумарството. Од тие причини управувањето со милта е ограничено, односно се врши нејзино одлагање на градската депонија. Со оглед на високите трошоци за електрична енергија, но секако и на другите трошоци кои го покриваат работењето на пречистителната станица значаен е чекорот кој го отпочнало јавното претпријатие за искористување на потенцијалот на сончевата енергија, која во југоисточниот регион каде има сончева радијација со просечна годишна густина на енергија на сончевото зрачење од околу 1.500 $kWh/m^2$, и инвестирање во изградба на фото напонска електрична централа во просторот околу пречистителната станица и на кровот на административната зграда за задоволување на енергетските потреби.

## 7. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 11.09.2023 година до 06.12.2023 година, кај ЈПКД „Комуналец“ Струмица од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, за 2003 година при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 8. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 9. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот ЈПКД „Комуналец" Струмица, застапувано од:

- Зоран Ѓоргиев, Одлука за избор на директор бр. 09-6776/6 од 20.09.2019 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 10. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во

исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот ЈПКД „Комуналец“ Струмица одржан на ден 06.12.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на субјектот ЈПКД „Комуналец“ Струмица и одговорното лице во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

ЈПКД Комуналец Струмица

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениja** | **2022** | **2021** |
| Приходи од продажба | 3.1 | 331.323 | 292.555 |
| Останати приходи | 3.2 | 91.600 | 12.178 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **422.923** | **304.733** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3 | 155.739 | 98.482 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 46.886 | 35.122 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 156.870 | 136.740 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 22.879 | 20.635 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 10.217 | 10.320 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8 | 21.829 | 1.457 |
| Останати расходи | 3.9 | 3.373 | 565 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **417.793** | **303.321** |
| Финансиски приходи | 3.10 | 1.545 | 1.021 |
| Финансиски расходи | 3.11 | 3.155 | 594 |
| **Добивка од редовно работење** | 3.12 | **3.560** | **1.739** |
| **Добивка пред оданочување** | | **3.560** | **1.739** |
| **Данок од добивка** | 3.13 | **2.697** | **174** |
| **Нето добивка** | 3.14 | **863** | **1.565** |

ЈПКД Комуналец Струмица

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 2.925 | 2.292 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 434.245 | 422.230 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3 | 673 | 648 |
| Побарувања од државни органи и институции | | 0 | 2.428 |
| Побарувања од вработените | 4.4 | 2.280 | 2.782 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.5 | 2.585 | 6.785 |
| Залихи | 4.6 | 48.852 | 50.923 |
| **Вкупно тековни средства** | | **491.560** | **488.088** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.7 | 564 | 1.306 |
| Материјални средства | 4.8 | 372.111 | 353.818 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.9 | 13 | 13 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **372.688** | **355.137** |
| **Вкупна актива** | | **864.248** | **843.225** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.10 | **19.641** | **19.641** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачите | 4.11 | 275.529 | 280.047 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.12 | 90 | 112 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.13 | 9.469 | 5.465 |
| Обврски спрема вработените | 4.14 | 15.135 | 13.081 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.15 | 54 | 24 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.16 | 41.878 | 30.886 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **342.155** | **329.615** |
| | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.17 | 94.346 | 82.283 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **94.346** | **82.283** |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.18 | 236.687 | 236.687 |
| Резерви | 4.19 | 77.154 | 75.624 |
| Акумулирана добивка | 4.20 | 113.086 | 117.529 |
| Добивка од тековната година | 4.21 | 820 | 1.487 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **427.747** | **431.327** |
| **Вкупна пасива** | | **864.248** | **843.225** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.22 | **19.641** | **19.641** |

ЈПКД Комуналец Струмица

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2021 година** | 236.687 | 75.624 | 117.529 | 1.487 | 431.327 |
| Добивка за 2022 година | | 43 | | 820 | 863 |
| Ревалоризациона резерва за годината | | 1487 | | (1.487) | 0 |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | (4.443) | | (4.443) |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **236.687** | **77.154** | **113.086** | **820** | **427.747** |

| | |
|---|---|
| ЈПКД Комуналец Струмица | |
| | |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2022 ГОДИНА | |
| | |
| | во 000 денари |
| | 2022 |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | 863 |
| Амортизација | 22.879 |
| **Готовински текови од работење** | **23.742** |
| | |
| Побарувања од купувачи | (12.015) |
| Побарувања за дадени аванси | (25) |
| Побарувања од државни органи и институции | 2.428 |
| Побарувања од вработените | 502 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.200 |
| Залихи | 2.071 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | (4.518) |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | (22) |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.004 |
| Обврски спрема вработените | 2.054 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 30 |
| (ПВР) | 10.992 |
| Останати оперативни активности | (4.443) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **29.000** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (40.430) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(40.430)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | 12.063 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **12.063** |
| | |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 633 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 2.292 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 2.925 |